У-6.бр.1309/2020

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, М-р Снежана Трповска и Газменд Фејзуљи - членови на советот, со записничар Мирјанка Тренчевска - виш судски соработник, решавајќи по барањето за издавање на времена мерка за одлагање од извршување во постапката по тужбата на тужителот Друштво за скенирање обработка и складирање на документи КОНТЕГО ДОО Скопје со ЕДБ 4080001051621, застапувано од управител Митески Андреја преку полномошник Адвокатско Друштво Трпеновски преку адвокат Дарко Никодиновски од Скопје, за поништување на решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.08-223/5 од 19.03.2020 година, се до правосилно завршување на постапката по тужбата, за јавна набавка, на јавната расправа одржана на ден 17.09.2020 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ
## за времена мерка

ПОСТАПКАТА по посебниот предлог на тужителот Друштво за скенирање обработка и складирање на документи КОНТЕГО ДОО Скопје со ЕДБ 408001051621, за издавање на привремена мерка за одлагање на извршување на извршниот управен акт - Одлука за избор на најповолна понуда за јавна набавка на услуги арх.бр.02-285/17 од 23.06.2020 година на ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија Скопје, се до правосилно завршување на постапката по тужбата, СЕ ЗАПИРА.

## Образложение

Тужителот Друштво за скенирање обработка и складирање на документи КОНТЕГО ДОО Скопје со ЕДБ 408001051621, застапувано од управител Митески Андреја преку полномошник Адвокатско Друштво Трпеновски преку адвокат Дарко Никодиновски од Скопје, поднесе тужба до Управниот суд на ден 29.07.2020 година, против решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.08-223/5 од 19.03.2020 година, со посебен предлог за издавање на времена мерка за одлагање на извршување на извршниот управен акт - Одлука за избор на најповолна понуда за јавна набавка на услуги арх.бр.02-285/17 од 23.06.2020 година на ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија Скопје, се до правосилно завршување на постапката по тужбата. Тужбата е заведена под У-6.бр.1310/20. Времената мерка е заведена под У-6.бр.1309/20.

На јавната расправа одржана на ден 17.09.2020 година, полномошникот на тужителот ја повлече времената мерка за одлагање од извршување до правосилно завршување на постапката по тужбата во целост.

Со оглед дека полномошникот на тужителот го повлече посебниот предлог за издавање на привремена мерка за одлагање на извршување на извршниот управен акт - Одлука за избор на најповолна понуда за јавна набавка на услуги арх.бр.02-285/17 од 23.06.2020 година, на ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија Скопје, се до правосилно завршување на постапката по тужбата, Судот одлучи како во изреката на решението.

РЕШЕНО ВО УПРАВНИОТ СУД на ден 17.09.2020 година под У-6.бр.1309/2020.

Записничар - виш судски соработник
Мирјанка Тренчевска

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение е дозволена жалба во рок од 15 дена преку овој суд до Вишиот управен суд.

Решението да се достави до:
- тужител - преку полномошник адвокат Дарко Никодиновски од Скопје
- тужен
- з.л. - Инбох ДООЕЛ Скопје

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

АГК/

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 14 SHKUP GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник
4